# Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 86, став 1, точка 3 од Законот за банките , а во врска со член 89, став 3, точка 26 од Законот за банките, Собранието на акционери на Банката на седницата на Годишно собрание, одржана на 19.5.2017 година, го усвои следното

**МИСЛЕЊЕ**

**за Извештајот на Друштвото за ревизија „Deloitte" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје, изготвени за годината што завршува на 31.12.2016 година**

Друштвото за ревизија „Deloitte" ДОО Скопје, во текот на февруари-март 2017 година, изврши ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2016 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на успех, Извештај за промени во капиталот и Извештај за паричните текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија.

Ревизијата на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење ревизија, Друштвото за ревизија „Дилоит" ДОО Скопје, согласно со проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, вклучија соодветни постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2016 година, Друштвото за ревизија пристапи кон претходна ревизија во текот на декември 2016 година, со состојба 31.10.2016 година.

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи подготвени во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија, како и финансиските извештаи подготвени согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните сметководствени стандарди.

Надзорниот одбор ги разгледа и одобри финансиските извештаи на Банката за годината која завршува на 31 декември 2016 година и со задоволство го прифаќа „Извештајот на независните ревизори" од Друштвото за ревизија „Дилоит" ДОО Скопје согласно со кој **финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Централна кооперативна банка АД Скопје на 31 декември 2016 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува и истите се во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија и регулативата на Народна банка на Република Македонија.**

**СА бр. 0201 – 05**
**19.05.2017 год.**
**СКОПЈЕ**

**Претседавач,**
**г-дин Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД Скопје